MKT_GENERAL_ALL
2025001418154

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Број 02-377585/1
Дата 30-05-2025

**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Предлогот на Одборот на директори за исплата на дивиденда на Друштвото за 2024 година и утврдување на дивиденден календар (арх. бр. 294822/1 од 25.4.2025 година) и Одлуката на Собранието за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2024 година (арх. бр. 377575/1 од 30.5.2025 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 30.5.2025 година, ја донесе следната:

# Одлука

## за исплата на дивиденда на Друштвото за 2024 година и утврдување на дивиденден календар

### Член 1

Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда за 2024 година во вкупен бруто износ од 2.382.421.058,00 денари (две милијарди триста и осумдесет и два милиони четиристотини дваесет и една илјада и педесет и осум денари) кој согласно Одлуката за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2024 година претставува нето добивката остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија" наменета за исплата на бруто дивиденда.

Бруто износот на дивиденда по акција е 27,6207029993 денари (дваесет и седум денари и шеесет и две дени, заокружено на две децимали).

Друштвото, од бруто износот на дивиденда, доколку е применливо, при исплатата ќе ги задржи и уплати сите даноци, согласно важечката даночна регулатива во Република Северна Македонија на датумот на исплата.

### Член 2

Датумот на пресек на акционерска книга според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2024 година е 11.7.2025 година.

### Член 3

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2024 година е 9.7.2025 година.

### Член 4

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2024 година е 10.7.2025 година.

### Член 5

Исплатата на дивиденда за 2024 година ќе се изврши до 30.9.2025 година.

**Член 6**

Друштвото ќе ги информира акционерите во врска со деталите поврзани со исплатата на дивидендата со објава на веб-страницата на Друштвото како и со известување преку Македонската берза за хартии од вредност, по усвојувањето на Одлуката за исплата на дивиденда на Друштвото за 2024 година и утврдување на дивиденден календар од страна на Собранието.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**
**Ружица Николовска**

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје
5